**Предлог мерки за програма за заштита на животната средина во**

**општина Битола за 2020**

Главна цел на предлог мерките за Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола подготвена од граѓанскиот сектор е зајакнување на соработката помеѓу донесувачите на одлуки, јавниот и граѓанскиот сектор. Како основа за поактивно вклучување на граѓанскиот сектор при постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и нејзина заштита и зачувување, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Со предлог мерките се предвидени активности чија реализација треба да го унапреди квалитетот на воздухот, водите и почвата, да ги заштити, уреди и унапреди заштитените подрачја и да ја подигне јавната свест.

МЕРКА 1. Заштита на амбиенталниот воздух

Цел: Подобрување на квалитетот на воздухот во регионот на општина Битола, со тоа и на здравјето на луѓето, согласно регулативата за квалитет на амбиентниот воздух.

ПОДМЕРКА 1.1 Подготовка на Регистар на загадувачи

ЦЕЛ: Добивање на релевантни податоци за загадувачите на територијата на општина Битола. Подготовката на Регистарот ќе биде предводен од граѓански организации од општина Битола со дополнитлена консултација од надворешни соработници – консултанти.

АКТИВНОСТИ:

- Прибирање и обработка на податоци,
- Создавање на критериуми за класификација на загадувачи
- Изготвување на Информацијата и презентирање на Советот на Општина Битола и објава на веб страната на општината

ПОДМЕРКА 1.2 Испитување на последиците од загадувањето на амбиентниот воздух врз здравјето на луѓето, со посебен осврт на децата.

Загадувањето на амбиенталниот воздух е главен еколошки проблем на општина Битола, кое го загрозува здравјето на сите, а особено на ранливите групи од населението (деца, бремени жени, постари лица, хронично болни и сл).

ЦЕЛ: Добивање релевантни податоци за последиците од влијанието на загадувањето на амбиентниот воздух врз здравјето на луѓето, со посебен осврт на децата

АКТИВНОСТИ:

• Прибирање и обработка на податоци од страна на општина Битола, добиени од здравствените служби на примарно ниво а воедно и податоци од Институтот за јавно здравје

• Изготвување на Информацијата и презентирање на Советот на Општина Битола

ПОДМЕРКА 1.3 Изготвување информација за моменталната сосотојба со квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на општина Битола за 2019 година

ЦЕЛ: Информирање на Советот на Општина Битола, засегнатата јавност и јавноста пошироко за состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на општината.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Информацијата ќе биде изготвена од страна на општина Битола и одделението за животна средина и ЈП за паркирање и јавен превоз Битола, врз основа на податоците добиени од државната мрежа за мониторинг на воздухот, односно од МЖСПП и од Центарот за јавно здравје.

АКТИВНОСТИ:

• Прибирање и обработка на податоци,

• Изготвување на информацијата и презентирање

ПОДМЕРКА 1.4 Еколошки јавен превоз

ЦЕЛ - Намалување на загадувањето од транспортот

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ – Воведувањето на еколошки јавен превоз од страна на општина Битола со стандард Еуро 6 е од особено значење од аспект на загадувањето а воедно и од економски аспект зошто метанот е двојно поевтин од нафтените деривати

АКТИВНОСТ

- Набавка на автобуси на метан
- Бесплатен јавен превоз во деновите на високо загадување

ПОДМЕРКА 1.5 Акции за засадување на брзорастечки дрва низ општина Битола и уредување на зелени површини.

ЦЕЛ:  Подигање и уредување на нови и одржување на постојните зелени површини.

АКТИВНОСТ:

- Изработка на Студија за пошумување со садници од одделението за животна средина во општина Битола

- Засадување на брзорастечки листопадни дрва

- Возобновување на постоечките зелени паркови и површини

ПОДМЕРКА 1.6 Субвенционирање за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух

ЦЕЛ – Мотивирање на граѓаните и домаќинствата да дадат позитивен придонес кон намалување на аерозагадувањето

АКТИВНОСТ:

- Изработка на патна инфраструктура за велосипеди, тротинети и електрични возила на две тркала

- Субвенционирање на граѓани за набавка на велосипеди, тротинети и електриччни возила на две тркала

- Субвенционирање на набавка на филтри за оџаци или катализатор за горива за градинките и училиштата, кои сѐ уште се греат на нафта/мазут

- Субвенционирање за набавка на клими/инвертори

МЕРКА 2. Заштита од бучава

ПОДМЕРКА 2.1 Изработка на Стратешка карта и Акционен план за намалување и управување со бучавата во општина Битола

ЦЕЛ: Подготовка на потребни документи за намалување и управување со бучавата на подрачјето на општина Битола согласно Законот за заштита од бучавата во животната средина.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Стратешката карта за бучава, покрај тоа што е законска обврска на општината, претставува појдовен документ во планирањето на активностите за намалување и заштита од бучавата. За нејзино изготвување се потребни големи финансиски средства, како и за периодичното ажурирање во законски утврдени рокови.

АКТИВНОСТИ: Донесување на потребни документи за Управувањето со бучавата се врши преку подготовка на плански документи кои ќе опфаќаат:

- Изработка на Стратешка карта
- Акционен план за намалување и управување со бучавата во општина Битола

МЕРКА 3. Заштита на водите

ПОДМЕРКА 3.1. Вршење на континуиран оперативен мониторинг на водите што ги обезбедуваат изворите за водоснабдување на општина Битола

ЦЕЛ: Утврдување на квалитетот и квантитетот на подземните води

АКТИВНОСТИ: Активностите предвидуваат мониторинг на пиезометриската мрежа и изработка на финален извештај.

ИЗВРШИТЕЛИ: ЈКП Водовод

МЕРКА 4 Заштита на почвите

ПОДМЕРКА 4.1. Утврдување на дистрибуција и концентрација на тешки метали во разни делови на растителите форми (овошје, грозје, градинарски култури и житарици) наменети за исхрана и производство на прехранбени продукти во Пелагонискиот регион

ЦЕЛ: Добивање податоци за квалитетот на прехранбените продукти на зелениот пазар. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Спроведување на еко – геохемискиот мониторинг за тешки метали на почвите во Пелагонискиот регион и истражување на различни растенија наменети за исхрана на луѓето, во однос на апсорбција на тешки метали во нивни одделни вегетативни органи (корен, стебло, лист, плод)

АКТИВНОСТИ:

- Еко-геохемиски мониторинг за тешки метали
- Земање мостри и анализи,
- Изготвување на завршен извештај.

МЕРКА 5. Реализација на мерки од Националната Стратегија за намалување и прилагодување кон климатските промени

ЦЕЛ: Заштита и унапредување на квалитетот на животот на граѓаните на општина Битола преку спроведување на одржлив развој, помагање на граѓаните и институциите да се подготват за последиците од климатските промени и екстремните временски услови и согледување на активностите за намалување на причините за климатски промени.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Климатските промени се најголема глобална закана на 21-от век. Тие се реалност и неминивност од начинот на кој функционира развиениот свет. Последиците од климатските промени се непредвидливи, а секако големи, разорни и фатални. Најголеми последици ќе имаат урбаните средини, каде е најголема концентрацијата на луѓето и кои воедно се најголеми причинители на климатските промени. Само средините што ќе успеат да ги испланираат своите активности за справување со климатските проемни имаат непречена иднина.

АКТИВНОСТ 1:

- Подготовка и Ажурирање на Инвентар на стакленички гасови со цел: добивање податоци за количините на стакленички гасови, причинители за климатските промени, по сектори кои ги создаваат.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Проектот претставува активност во рамки на намалување на климатските промени. Ќе се направи инвентаризација на стакленичките гасови од секторите енергија, индустрија, земјоделство, отпад и др.

АКТИВНОСТ 2:

- Идентификација на изворите на податоци,

- Внесување на количинските податоци и емисиските фактори,

- Пресметка на емисиите,

- Проверка и валидирање на влезните податоци,

- Повторни пресметки и валидација на пресметаните емисии,

-Анализа на клучните сектори,

-Преглед на инвентарот од национални експерти и јавноста,

-Меѓународно строго рецензирање,

-Репортирање на емисиите

АКТИВНОСТ 3:

- Промовирање и поддршка за користење на обновливи извори на енергија

АКТИВНОСТ 4

- Едукација на населението за активности на адаптација кон климатските промени

МЕРКА 6. Изработка на Зелен катастар на општина Битола

ЦЕЛ: Да се предвиди повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини на општина Битола со помош на обезбедување просторни податоци за обемот и видот на зеленилото.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Овој документ е основа за унапредувањето на јавните зелени урбани површини со оглед на фактот што зеленилото, покрај функционалните, рекреативните, амбиенталните и социјалните функции, придонесува подеднакво кон намалувањето и адаптирањето на климатските промени. Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, а со крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели.

АКТИВНОСТ 1:

- Реализирање на Зелениот катастар (хардвер, софтвер, реализација на терен),
- Подигање на јавната свест

АКТИВНОСТ 2: Акции за Позеленување на напуштени урбани објекти

- Расчистување на шутот пред напуштените руинирани објекти (стари фабрики, напуштени објекти, меѓупростори и сл.) и планирање за нивно адаптирање и урбанизирање со соодвена хортикултура

МЕРКА 7 Подигање на јавната свест за значењето на животната средина

ПОДМЕРКА 7.1. Подигање на јавната свест преку соработка со граѓанскиот сектор за реализација на проекти,

ЦЕЛ: Постигнато повисоко ниво на јавна свест за значењето на животната средина. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Подигањето на јавната свест е неопходна активност, која произлегува и од одредбите на Законот за животна средина. Според досегашните искуства соработката на општината со граѓанскиот сектор дава најдобри резултати во овој домен заради нивното добро организирање на своето членство и граѓанскиот сектор воопшто.

АКТИВНОСТ- организирање манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, печатење пропаганден материјал и сл.

ИЗВРШИТЕЛИ: Општина Битола во соработка со јавен, приватен и граѓански сектор

ПОДМЕРКА 7.2 Едукација

АКТИВНОСТ 1:

ЦЕЛ – Одржување на неделни предавања на одредени теми во училиштата и градинките во кои граѓанскиот сектор или Јавна инстиутуција ќе обработува една проблематика која ќе биде презентира во секое училиште и градинка одделно, а дополнително и ќе се работи на развивање на ЗЕЛЕНА УМЕТНОСТ (користење на рециклирани материјали за уметнички дела).

Секоја недела во сите училишта, градинки, ќе има различна презентација и континуирано надоградување на основните познавања на децата, како и зголемена свест за последиците од негрижата кон животната средина.

АКТИВНОСТ 2 Воспоставување на зелени патроли

ЦЕЛ - Константно и континуирано одржување на чисти зони.

Секое училиште ќе има одрена група на деца кои се грижат за околината на училиштето, и околните улици. Еднаш неделно ќе се спроведуваат зелени акции.

АКТИВНОСТ 3. Организирање на ЗЕЛЕН ФЕСТВИВАЛ

ЦЕЛ: Преку наградување на физички и правни лица за нивниот придонес во развој на грижата за животната средина, обезбедено повисоко ниво на јавната свест.

АКТИВНОСТ 4 Промоција на позитивните и негативните ефекти од односот на поединецот кон околината во која егзистира

ЦЕЛ – Промоцијата ќе биде поефикасна со поставување на банери и билборди на видливи места - пред јавни институции, училишта, градинки и сл. изработени од деца, на зададена тема преку конкурс (училишта, градинки и сл.), видео и аудио пораки за заштита на животната средина објавени на **локалните**, регионалнитеи националните медиуми

МЕРКА 8. Соработка со бизнис секторот особено индустриите регистрирани како загадувачи

ЦЕЛ: Подобро организирана и редовна соработка помеѓу општината, граѓанскиот сектор и индустриите регистрирани како загадувачи за да се воспостави стратегиска и интерсекторска интервенција за намалување на загадувањето и заштита на животната средина.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Регистрираните индустриски критични зони, кои се провлекуваат подолг период и чие решавање ги надминува ингеренциите и можностите на локалната самоуправа ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина. Неопходна е соработка на локанлно ниво за да може да се идентификуваат проблемите и идејните решенија од спаект на заштита на животната средина

АКТИВНОСТ

- Следење на процесот на добивање на А дозвола и мониторинг на имплементирањето на мерки за заштита на животната средина согласно-правно регулирани со дозволата
- Издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина и мониторинг на обврските кои произлегуваат од нив
- Мониторинг на одобрувањето на елаборати за заштита на животната средина односно Прибавување стручни мислења во врска со елаборати за животна средина и Б интегрирани еколошки дозволи.
- Соработка со РЕК Битола и интервенција за реконструкција на електростатските филтри во сите блокови
- Следење на управувањето со отпад во поголемите претпријатија/бизнис ентитети во Битола

МЕРКА 9. Анализа и ревидирање на општински проекти за заштита на животната средина

ЦЕЛ – Постигнување на интегриран пристап за заштита на животната средина

АКТИВНОСТ – Ревидирање и обновување на Локален Еколошки Акционен План - ЛЕАП за општина Битола